**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.03-790/1

Скопје 21.02.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Сите радиодифузери**

**За: Управителите/директорите и одговорните уредници**

**Предмет: Потсетување за обврските од Изборниот законик во периодот пред изборната кампања**

Почитувани,

Со распишувањето на Предвремените парламентарни избори во 2020 година, во сила стапија одредбите од Изборниот законик што се однесуваат на известувањето и постапувањето на радиодифузерите во периодот до почетокот на изборната кампања т.е од 17 февруари заклучно со 22 март 2020 година.

Со овој допис сакаме да Ве потсетиме на обврските кои вообичаено важат во овој период од изборниот процес, но и да укажеме и на неколку нови обврски кои произлегуваат од измените на Изборниот законик што стапија во сила на 16 февруари 2020 година.

Имено, во овој период:

- Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик (член 75 став 1).
- Известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања не смее да биде во функција на нечие изборно медиумско претставување (член 75-б и член 76-а став 12).
- Забрането е уредници, новинари, водители на програма и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања. Доколку се одлучат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување (член 75-в).
- Забрането е да се емитува платено политичко рекламирање (ППР) со исклучок на огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи (член 75-д став 1). Доколку емитуваат вакви огласи и соопштенија, радиодифузерите се должни да ги почитуваат следниве правила (член 75-д ставови 2 и 3):
  - Да ги емитуваат само во означени рекламни блокови во рамките на дозволеното време за рекламирање на еден реален час емитувана програма (т.е. во 12те минути за реклами пропишани согласно ЗААВМУ),
  - Вкупното времетраење на ваквите огласи и соопштенија не смее да биде подолго од 6 минути на еден реален час, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да се одвојат најмногу 2 минути,
  - Нарачателот треба да биде јасно означен,
  - Огласите и соопштенијата треба да содржат само основни податоци - за кого се собираат потписи, на кои места

граѓаните можат да го дадат својот потпис и во кој временски период од денот. Тие не смеат да содржат дополнителни податоци за кандидатите.

- Забрането е да се емитуваат реклами финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања (член 75-д став 4). Исклучок претставуваат кампањите на ДИК за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори кои не се сметаат за платено политичко рекламирање (член 76 став 7). Оние радиодифузери коишто се регистрирале дека ќе емитуваат платено политичко рекламирање, се обврзани да ги емитуваат овие кампањи задолжително и без надомест во траење од 30 секунди на секои 3 часа и притоа треба да се користи пристапен и достапен формат и јазик како и знаковен јазик (член 75-д став 5 и член 76 став 7).
- При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, задолжително мора да се наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето (член 77 став 2).
- Јавниот радиодифузен сервис е должен, без надоместок, во соработка со Државната изборна комисија, да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува други информации поврзани со изборниот процес како и да обезбеди непристрасно информирање (член 76-а став 1).
- Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес (член 76-а став 11).

Со оглед на фактот дека, во периодот пред започнување на изборната кампања, односно пред потврдувањето на листите со кандидати, не може да се применуваат правилата за баланс во известувањето како што е пропишано во член 75-а став 1 алинеја б. од Изборниот законик, радиодифузерите се должни при известувањето за изборниот процес да ги почитуваат професионалните начела за дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), особено начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (член 61 став 1 алинеја 9). Јавниот радиодифузен сервис е должен да ги почитува и стандардите и начелата од член 111 на ЗААВМУ.

Исто така, сите радиодифузери се должни да ги почитуваат посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

По овластување од директорот

---------------------------------------------

м-р Драгица Љубевска